РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2822/2
05-11-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-тата седница одржана на 03.11.2025 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 09-2822/1 од 21.10.2025 година, оформен по пријава против службеното лице -----, директор на Државниот студентски ------, СЕ ЗАПИРА поради тоа што кај службеното лице не е констатирано постапување спротивно на забраните пропишани со член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-2822/1 од 21.10.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

Предметот со бр.09-2822/1 од 21.10.2025 година е оформен по пријава од непознат подносител, со наводи дека од страна на службеното лице -----, директор на Државниот студентски дом -------- е прекршена забраната од членот 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имено, во пријавата е наведено дека лицето ------ покрај тоа што ја врши функцијата директор на Државниот студентски дом --------, бил избран за член на Советот на општина ----, на локалните избори кои се во тек.

Државната комисија, постапувајќи по пријавата, а врз основа на податоците за тековната состојба на Државниот студентски дом ------------- запишани во регистарот што се води во Централниот регистар на РСМ, констатира дека лицето ------ ја врши

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

функцијата директор на Државниот студентски дом "------. Од увидот на web страната на Државната изборна комисија, во делот резултати од Локалните избори 2025 година, се констатира дека лицето --------- е дел од доделените мандати за членови на Советот на општина -------.

Согласно со член 37 од Законот за локалната самоуправа:
„Конституирање на советот
(1) Првата седница на новоизбраниот совет ја свикува претседателот на советот од претходниот состав најдоцна во рок од 20 дена од денот на завршувањето на изборите.
(2) Ако советот не се свика во рок од ставот (1) на овој член, членовите на советот сами се состануваат и под претседавање на најстариот член на советот го конституираат советот во рок од десет дена по истекот на рокот од ставот (1) на овој член.
(3) Ако седницата не се одржи во рок од ставот (2) на овој член ќе се распишат нови избори за членовите на советот, на начин утврден со закон."

Согласно со член 44 став 1 и 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
Избрано или именувано лице за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности утврдени во Уставот и законите.
Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал."

Со оглед на тоа дека се уште не се објавени конечните резултати од Локалните избори 2025 од страна на Државната изборна комисија, службеното лице ------- иако е дел од доделените мандати за членови на Советот на Општина -----, не ја извршува функцијата член на Совет на Општина ------- се до денот на верификација на мандатот на член на совет, што значи дека истиот во моментот на поднесување на пријавата извршува само една функција - директор на Државниот студентски дом --------.

Оттука, констатираната состојба не е во спротивност со член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, меѓутоа по завршување на изборниот процес и објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, односно по доделувањето на уверението за изборот од страна на општинската изборна комисија и по денот на верификација на мандатот на конститутивната седница на Советот на општината, службеното лице е должно да постапи согласно

погоре цитираната одредба од членот 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Во спротивно Државната комисија ќе преземе мерки во рамки на своите надлежности и ќе го санкционира постоењето на состојби спротивни на законски пропишаната забрана за кумулација на функции.

Од наведените причини Државната комисија одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: - С.С.М. – член